Зад секоја успешна компанија стои силен тим. ФМС ДООЕЛ претставува млада компанија со просперитетен тим кој професионално пристапува и одговара на сите предизвици.

Секој од нас е специјалист во своето поле на работа и е посветен на потребите и барањата на клиентите. Компанија ориентирана кон изнаоѓање решенија, со единствена цел – да обезбеди квалитет со висок степен на економска оправданост.

Имајќи го предвид нашето разбирање за моќта на тимот, работиме заедно кон постигнување на нашите цели и заеднички ги прославуваме нашите успеси.

Ако барате стабилност, професионален раст, долгорочна кариера и технолошки предизвици во успешни компании – дојдете и придружете ни се уште денес!

ФМС ДООЕЛ објавува оглас за вработување на професионални кадри од областа:

## ОПШТ РАБОТНИК ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ВЕНТИЛАЦИЈА

**Опис на работата:**

- Проверка на вентилациони системи и канали со најсовремена опрема;
- Хемиско чистење на клима единици;
- Детекција на дефекти и отстранување на истите;
- Отстранување на сува маснотија и чистење на мрсни вентилациони отвори;

**Потребни квалификации:**

- Општи технички познавања,
- Познавање на материјалите и средства за работа;
- Претходно работно искуство на иста позиција ќе се смета за предност;

**Дополнителни критериуми:**

- Обврска за придржување кон безбедносните прописи и прописите поврзани со заштита при работа
- Сериозен пристап кон зададените задачи;
- Лојалност, доверливост, чесност , професионалност, ефикасност и флексибилност

**Што нудиме:**

- мотивирачка атмосфера и плата по договор
- полно работно време од пон-пет
- колективно осигурување од несреќа
- платени дополнителни часови прекувремено

Доколку сметате дека ги исполнувате наведените услови и сте заинтересирани за нови предизвици и постојан развој на Вашата кариера, испратете Ваша кратка биографија (CV) на следната **email адреса: jobs@fms.com.mk или јавете се на телефонскиот број 072261073**.

Само апликациите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат контактирани.